**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Петтото продолжение на Сто дваесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 март 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Слободан Најдовски:** Продолжуваме со работа со 124-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Нелко Стојаноски, Гзим Острени, Сашко Кедев, Љубе Бошкоски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Ванчо Ѓоргиев, Славица Грковска, Рафет Муминовиќ, Али Ахмети, Абдилаќим Адеми, Фазли Велиу, Мендух Тачи, Љубчо Георгиевски, Абдулади Вејсели, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со работа по точката 23 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, со Предлог на закон.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на законот.

Процедурално господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Господине потпретседателе, почитувани колеги, побаравме веќе три пати службено точката од 120-тата седница на Собранието на Република Македонија во врска со продажбата на "Електростопанство на Македонија" да биде поставена на дневен ред. Денеска Владата ќе ги добие понудите. Мислам дека разгледувањето на оваа точка би било пожелно пред да се донесе било каква одлука. Мојот предлог процедурално е денес доколку постои можност да се расправа по оваа точка, а ако не, решението на Владата да биде одложено се до оној момент додека во Парламентот не се расправа по тој закон и не донесеме одлука, за да не дојдеме во ситуација одлуката која што ќе ја донесе Владата, Парламентот после тоа да ја отповргне. Затоа барам, значи имаме две солуции, или точката на дневен ред да биде поставена веднаш и сега и да ја разгледуваме, или пак додека не се разгледа на Парламентот апсолутно Владата да не носи никаква одлука.

**Слободан Најдовски:** Знаете согласно Деловникот онака како што се закажани седниците, така и работиме. Денес беше закажано продолжување на 124-тата седница и така ќе продолжиме да работиме. Согласно Деловникот продолжуваме да работиме по оваа точка на дневниот ред. Знаете кој и како ги закажува седниците.

Има збор господинот Спиро Мавровски.

**Спиро Мавровски:** Само да ја разјасниме работата. Мислам дека точката од дневен ред од 120-тата седница побарано е три пати службено да биде поставена на дневен ред и таа седница да биде продолжена и да ја завршиме. Значи се работи за период повеќе од три месеци. Како, кој ги закажува овие седници, мислам знаеме сите, знаете и вие. Но, во прашање ќе биде нешто друго. Што ако Парламентот донесе, а се надевам дека ќе ја донесе таа одлука за непродажба на ЕСМ Дистрибуција. Што ќе се случи тогаш? Дали некој може да ги каже сега последиците или ќе ги очекуваме откако ќе се случат работите.

**Слободан Најдовски:** Јас можам само толку да ви одговорам, дека ако Парламентот донесе некоја одлука, или закон, извршната власт е должна да ги спроведува. Ќе видиме кога ќе се расправа.

Продолжуваме со расправата по Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, со Предлог на закон.

Има збор пратеникот Кире Гештаковски како предлагач.

**Кире Гештаковски:** Благодарам господине потпретседателе, почитуван господине потпретседателе, почитувани пратеници, јас вчера во моето кратко излагање го образложив концептот на Предлогот на законот што го предлагам. Денес сакам накратко да одговорам на некои прашања што ги постави вчера мојот почитуван колега господинот Шајноски.

Најпрвин сакам да му одговорам околу неговата дилема за пишувачот и поднесител на законско решение. За поднесителот моја законска обврска е да поднесувам и да одобрувам законски решенија што всушност и за тоа моите граѓани, моите гласачи ме имаат избрано во ова Собрание.

Околу пишувачот, сакам да го известам господинот Шајноски дека пишувачи се неколку стопански субјекти, односно сопственици на неколку клучни стопански објекти во општината од која доаѓам, група граѓани и акционери во тие стопански субјекти кои на најтранспарентен начин ме замолија да интервенирам во ова законско решение. Значи, моја задача и должност беше да ги почитувам тие желби на моите бирачи и да го поставам овој Предлог за изменување на Законот.

Господине Шајноски, каде е тука прекршена процецурата, каде тука гледате комунистички методи кога се постави на дневен ред едно сосема легално барање од граѓаните на Преспа, односно од акционерите во тие стопански субјекти. Јас на најрегуларен начин го поставив тука во органите и телата на Собранието. Владата , иако двете министерства и Министерството за финансии и Министерството за економија дадоа позитивно мислење, позитивно мислење даде и Владата. Владата едноставно не беше должна ни да даде мислење, туку тој законски проект стигна тука како што е редот на Собранието, на собраниска седница и

само ние пратениците како што е онака поставен системот со парламентарната демократија ќе одлучиме дали ќе се прифати, или нема да се прифати овој предлог на закон. Значи, тука не гледам никаква некоја комунистичка работа, некое насилие и некое прекршување на парламентарниот живот во Република Македонија.

Околу историјатот на оваа тема каде што го предложив овој Предлог на закон. До само пред година и три месеци постоеше Агенцијата за приватизација. Акциите сега што се префрлени после 31 декември 2004 година на ПИОМ, односно на Фондот за пензиско инвалидско осигурување на Република Македонија беа контролирани и беа со право на глас, односно обични акции и државата преку Агенцијата за приватизација, преку нивниот повереник се грижеше за тие акции. Со декрет, како што викате вие комунистички сега сакаме тоа законско решение да го смениме. Зошто господине Шајноски тој комунистички декрет од пред година и три месеци не го нарековте така и зошто тогаш не се пожаливте дека со комунистички методи се одземаа од обични и се претвараат во приоритетни, односно ничии, односно без право на глас акции и се префрлаат на Фондот за пензиско инвалидско осигурување.

Исто така сакам да напоменам дека со ова законско решение, со овој предлог не се има намера да се гибне, да се чепне во ниедна друга акција.Значи, дали бил тој доминантен сопственик, дали другите сопственици на помал број на акции, било тоа 2%, 3%, 5%, со ова законско решение не му се одзема, или не се менува статусот на тие акции. Тие си се обични со право на одлучување, со право на глас и така си остануваат и понатаму. Исто така, доминантните сопственици имаа време од година и пол, ако имаа чесни намери и ако сакаа навистина да стопанисуваат со тој стопански субјекти, со таа компанија, ако сакаа да ја развиваат, ако сакаа да го зголемат производството во таа стопанска организација, тогаш можеа, никој не им сметаше, можеа да ги откупат овие акции од Фондот за пензиско инвалидско осигурување кои секојдневно се вртат на македонската берза на еден најтранспарентен начин. Зошто тоа не се случи? Зошто тоа не го направија, туку не им одговараше бидејќи се безбедни, бидејќи се ничии, едноставно не одлучуваат во ниедна донесена одлука, бидејќи не се известени. А дека ова е така, ќе ви потврди следниот пример кој директно беше поводот, пишувачот, ако сакате господине Шајноски на овој Предлог за донесување на закон. Се работи за една компанија која е клучна во нашата општина и во целиот тој регион од чие работење, или неработење и какво работење зависат судбините на сите граѓани, буквално на сите граѓани на Преспа.Тоа акционерско друштво има доставено барање до Основниот суд и до Катастарот на Република Македонија за трансформирање на тоа друштво и поделба на тоа друштво, односно од постојниот капитал на таа компанија по пат на намалување на основната главнина на акционерското друштво да се изврши основање на друго друштво со ограничена одговорност. Вкупната вредност на таа компанија изнесува некаде околу 2,5 милиони евра. Делот на државата, односно на ПИОМ е околу 25%, односно околку 700 илјади евра. Бидејќи овие акции пред година и три месеци станаа приоритетни, без право на одлучување, без да бидат известени мнозинскиот акционер, односно сопственикот донесува одлука и сега со намалување на основниот капитал ги префрла не во Ресен, туку во Скопје буквално се она што е вредно. Ги префрла сите машини, сите основни средства за работа, ја остава цела општина и цел регион, или како што милувате да кажете во тој неправичен комунистички режим кој се грижел пред 20-тина години да го направи тој клучен стопански субјект за цела општина, за интересите на сите граѓани на Преспа. Сега ги префрла во Скопје, а делот на ПИОМ бидејќи се многу важни и со право на одлучување, го остава во вредност од 700 илјади евра и тоа го остава асфалтот изграден пред 30 години, го остава приодниот пат, ја остава трафостаницата, го остава овошниот насад кој пред 5,6 години најверојатно за оваа намена беше насаден тука во околина на фабриката и на крајот на краиштата го остава воздухот. А се што беше вредно го носи во Скопје. Главната поента господине Шајноски, не ја кажувам која е таа компанија за да не му наштетиме на имиџот, ако воопшто го има тој имиџ, но вас, расположен сум после расправата да ви го дадам на увид. Мора да признаеме дека на ваков класичен начин без да знаат, не дека нешто ќе решеа тие 25% акционери, барем ќе беа запознати со целокупниот начин на кој работи оваа фирма. И евентуално со нивниот придонес, со нивното конструктивно работење во акционерското собрание ќе можеше да очекуваме да се измени нивната сулуда идеа.

Господине Шајноски, поставувате прашања како Фондот ќе се грижел подобро од сопственикот? Со ова законско решение не бараме Фондот да се грижи или да не се грижи, или подобро, или полошо да се грижи од сопственикот. Бидејќи во сопственичкиот пакет ние не се мешаме, во неговите акции не се мешаме со оваа интервенција на законот. На крајот на краиштата ние бараме Фондот да се грижи за неговите акции, за тие што му припаѓаат него, да ги штити интересите, а не случајно се дадени на Фондот за пензиско инвалидско осигурување. Инаку, тие акционери кои сега преку Фондот за пензиско инвалидско осигурување си ги штитат своите интереси, тие работеле 40 години, тие ги граделе тие фабрики, тие ги граделе тие компании и тие стопански капацитети. Зошто сега да немаат ист третман? Едноставно барам само ист третман, чесен, правичен како за сите акции, да имаат и акциите на Фондот за пензиско инвалидско осигурување.

Барате да се донесе законско решение со кое ќе се воспостави кривична одговорност на Фондот, бидејќи не ги заштитува интересите на неговите акционери. Господине Шајноски, кога ќе се добие третман, тие акции на Фондот како приоритетни и без право на одлучување. Како може Фондот да се грижи за тие акции? Бидејќи со класичниот пример ви докажав дека не сте запознаени со идеите на сопственикот на таа стопанска организација.

Исто така, имаше прашање, дали ќе имало некој инвеститор, будала странски инвеститор па да вложува во Република Македонија, ако вака се однесува државата? Па милувате да кажете, тоа го потенцирате стално за странски инвеститор ако се работи. Па со што со овие интервенции е загрозен мнозинскиот сопственик, па било тоа да е странски или домашен. Дали се допира до неговите акции, господине Шајноски.? Прво, сакам да ми одговорите кој вистински странец, странски инветситор влегува без да обезбеди мнозински пакет, освен ако вас ви се познати некои такви ваши лични странски инвеститори. Вашите хипотетички примери со 49%, 50%, 30%, 19%, се само хипотетички, или ги нема, или мене не ми се познати такви примери. И зошто го пропуштиле тие ако ги има со такви 49%, зошто го пропуштиле овој период од година и пол да не го направат мнозинскиот пакет, кој им бранеше да ги откупат тие акции од ПИОМ? Како што стигнале тие до 30%, или до 49%, зошто не ги докупиле мнозински пакет да направат? Но, тие не му беа интересни, тие акции не беа со право на одлучување. И затоа тие не беа луди, да купуваат, да трошат пари, бидејќи и за тие 30% најверојатно за вашите случаи господине Шајноски, тие немаат дадено ниту еден денар. Тие не се луди сега да даваат дополнителни средства па да го полнат буџетот на Република Македонија со дополнителни средства со купување на акции од ПИОМ.

Со ова законско решение кое го предлагам господине Шајноски, со овие измени и овие акции ќе станат интересни за оној мнозински сопственик кој има вистински и чесни намери да ја развива својата компанија за да ги купи и на овој начин како што кажав да се внесат и големи средства во Буџетот на Република Македонија.

Понатаму, прашањето беше околу членот 280 од Законот за трговски друштва и евентуалната некомпатибилност со предложеното законско мое решение. Сакам да кажам дека тука нема никаква некомпатибилност, бидејќи буквално во ставот 3 од членот 280 од тој Закон се вели, дека вкупниот номинален износ на приоритетните акции без право на глас не може да биде поголем од 30% од основната главнина на друштвото. Јас со ова законско решение предлагам тој процент да е нула, а не да префрли повеќе од 30%. Значи, за некомпатибилност со постоечкото законско решение во Законот за трговски друштва не станува збор.

Имаше многу прашања, господине Шајноски. Само на крајот сакам да ви кажам дека навистина од чесни намери е предложен овој закон, дека сакам единствено и овие акции државни да имаа ист и само ист третман како и останатите акции. Друго ништо не барам. Фондот за пензиско инвалидско осигурување нема намери да биде газда, да станува газда. Како што рековте и вие и мое мислење е дека државата е лош газда. Едноставно дали се тие 2%, 5%, 7% или 20%, барам со ова законско решение да се изедначат по важност сите акции на сите акционери.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Гештаковски.

Господине Шајноски за реплика, господине Мешков за реплика?

Три минути реплика за пратеникот Драго Шајноски.

**Драго Шајноски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван господине Гештаковски,

Јас и во моето излагање, во воведот се обидов да направам разграничување помеѓу поднесувач и пишувач, со намера да ја покажам мојата волја, моето мислење дека вие не стоите зад тоа, туку како пратеник, по службена должност сте биле обврзани да го доставите овој закон, иако сметам дека при анализата на барањето од вашите гласачи требаше да укажете на незаконитоста, ако ја видовте.

Жалам што вие се препознавте во моето излагање. Искрено кажувам дека јас, во ниту еден момент не помислив на вас кога го пишував овој текст. Но, ако вие самите се препознавте, не можам да помогнам, бидејќи сигурно подобро се познавате од себе си, отколку што друг може да ве познава.

Фактот што веќе дискутираме за оваа тема и реплицираме значи дека вие почнувате да мислите на Предлогот што го доставивте. Можеби е малку доцна, но не е доцна да го повлечете ако се убедивте дека вашиот предлог е антиреформски.

Велите дека по барање на вашите бирачи од "Агроплод" сте биле обврзани да го поднесете овој закон. Јас, исто така примив од моите гласачи во Ресен барање овој Закон да се поништи и да се искритикува максимално, затоа што не е во согласност со правна држава. Ако вие имате проблем, како што кажувате во "Агроплод", тоа треба да се реши на суд, по постоечките закони. Но, бидејќи вие имате проблеми со судот, не можете да направите тоа што сакате. Вие сакате на мала врата, со нов закон да ги заобиколите судовите и да ги изиграте акционерите кои мене ми се јавија.

Велите дека не може со 5% од Фондот да се загрози инвеститорот. Јас ви тврдам дека може. Пример, ако 5% од акциите се негласачки, тогаш остануваат 95% гласачки. Некој ќе дојде, ќе купи 48 и ќе има управувачки пакет. А сега, со овој закон, кога 5% ќе станат управувачки, тој го губи управувачкиот пакет во фирмата.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Шајноски.

Една минута контра реплика за господинот Гештаковски Кире.

Повелете господине Гештаковски.

**Кире гештаковски:** Сега, господине Шајноски ми е се јасно.

Воопшто не дискутирав јас во мојата дискусија за "Агроплод", господине Шајноски. Дискутирав за друга стопанска компанија, многу поважна од "Агроплод", што се наоѓа во општината Ресен.

Вашите намери биле за друга компанија да дискутирате и мислите дека намерата за донесување на овој закон била таа. Ви кажав и ви понудив дека после дискусијата ќе ви ја дадам комплетната документација. Повторно нема да кажам која компанија е, од Преспа е таа, бидејќи мислам дека со тоа ќе се наштети на угледот, на имиџот на компанијата. Нема никаква врска со "Агроплод". А, за "Агроплод" да не се секирате вие. Ние не го одбегнуваме судот и ниедна институција. Обратно. Имаме дефинитивна одлука од Врховниот суд на Република Македонија, господине Шајноски.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Гештаковски.

Три минути реплика за господинот Мешков Љупче.

Повелете господине Мешков.

**Љупче Мешков:** Јас се јавив, господине потпретседателе, не конкретно по некој навод од излагањето на господинот Гештаковски, туку општо, да укажам на некои работи, што ако предлагачот, на пример, ги имаше предвид, не знам, можеби ги имал предвид, но мислам дека ги немал предвид, прво, акциите што се ...

**Слободан Најдовски:** Господине Мешков,

Рековте дека немате по однос на дискусијата на господинот Гештаковски. Ако немате, тогаш не е реплика, тогаш ќе е збор, ќе чекате на ред. Ако е реплика по однос на господинот Гештаковски ...

**Љупче Мешков:** Добро, за збор ќе се јавам.

**Слободан Најдовски:** Во ред.

Има збор пратеникот Китаноски Илија.

Повелете господине Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитувани колеги,

Пред нас се наоѓа еден Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал, што е доста краток и она што од него произлегува, односно од предложените измени на прв поглед, а и после детална анализа, не може да се избегне впечатокот дека во суштина, дали се работи за една компанија, друга или трета, веројатно е закон со определена намена и, како и во повеќе наврати од мандатот на оваа Влада, ни се случува да проблеми со одредени компании, во одредени региони ги решаваме со законски проекти. Значи, дневно - политички или дневно - економски проблеми се обидуваме да решиме со законски измени што на Република Македонија не и го поправа многу имиџот во очите на европските инвеститори. Посебно, што овде во суштина се работи за еден длабоко антиреформски закон и антиевропски закон, кој што кога ќе го погледнете добивате впечаток дека ја враќа Република Македонија во почетокот на 90-тите години, во залезот на комунизмот и општествената сопственост и почетоците на демократијата.

Мислам дека, ако овој закон се даде на експертиза на било која европска институција, нема да го помине ни првото читање, ниту првата фаза. И, генерално, гледајќи го и Мислењето на Владата кое што горе-долу е позитивно со некои измени, односно не 50, туку 30% предлага Владата, сметам дека за разлика од другите законски проекти, бидејќи овде веќе и Владата застанува зад овој проект, ја нема ниту буквата "Е" од Европската унија, ниту пак буквата "р" од реформите. Тоа значи дека се работи за закон што уште во страт треба да биде отфрлен, затоа што е длабоко ретрограден и антиреформски. Еве зошто:

Во 1994 година, овој Парламент, на Предлог на Владата ги усвои измените на Законот за трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал, со што акциите со право на глас, како и приоритетните акции добиени согласно Законот на Анте Марковиќ, бившиот претседател, од Агенцијата за приватизација преминаа во сопственост на Фондот за ПИОМ. Притоа, во акционерските друштва, каде што Агенцијата поседуваше преку 50% од вкупниот број на акции, тие останаа како обични акции со право на глас, додека во акционерските друштва каде што акциите со право на глас, како и уделите добиени согласно Законот на Анте Марковиќ беа под 50% од вкупниот број на акции, се трансформираа во приоритетни акции и без право на глас.

Овие измени беа логична последица во интенцијата на Владата:

Прво, да го спречи обезвреднувањето на капиталот, онаму каде што таа е доминантен сопственик, односно државата е доминантен сопственик и

Второ, да престане да се меша во управувањето во акционерските друштва каде што Владата или државата има малцински удел во капиталот, што е исто така реформски.

Сега, се предлага нешто сосема друго. Затоа е изненадувачки предлогот од колегата пратеник Кире Гештаковски за измена на членот 7 од Законот за трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал, со што се бара со овие измени, практично се бара приоритетните акции од Фондот на ПИОМ во акционерските друштва, каде се малцински удел на државата, да станат обични со право на глас, со образложение дека на тој начин Фондот ќе имал можност да го спречи обезвреднувањето на истите.

Очигледно е дека ова претставува чекор назад и обид повторно да се оживат времињата кога власта се мешаше во работата на стопанството, што и доведе до пропаст на истото и е дефинитивно лош сигнал за странските и домашните инвеститори. Како прво, илузорно е да се мисли дека во акционерските друштва, каде е доминантен приватниот капитал, сопствениците ќе тежнеат да го обезвреднат истиот, сопствениот капита. Тоа е неприродно и нелогично. Значи не држи воопшто вода таквото објаснување, бидејќи основна желба на секој акционер е зголемување на капиталот на друштвото, односно зголемување на вредноста на акциите и остварување на што поголема добивка.

Досегашната пракса во Република Македонија покажа дека државата е лош сопственик, а Фондот за ПИОМ уште повеќе. Затоа што нема ниту кадар, ниту средства да плаќа експерти кои ќе учествуваат во управувањето со тендерските друштва и ќе донесуваат меродавни одлуки.

Фондот треба своите активности да ги насочи воглавном во што побрза продажба на акциите каде што имаат доминантна сопственост и добивање што поголеми финансиски средства. Тоа е логиката заради која што ги има овие средства во одреден период, односно овие акции.

Другата негативност е тоа што Фондот ќе остане без сигурен извор на средства од добивките во акционерските друштва, што му ги носат приоритетните акции. Имено, како сопственик на приоритетни акции Фондот секогаш добиваше толкав процент од добивката колку што беше учеството на приоритетните акции во вкупниот број на акции. Ако сега се трансформираат во обични акции со право на глас, Фондот ќе учествува во донесувањето на одлуките, меѓутоа ќе го нема ексклузивното право на процент од добивката, односно на дивиденда, согласно процентот што го имаат приоритетните акции во вкупниот број на акции.

Со трансформацијата на приоритетните акции во обично Фондот ќе има учество во работењето на акционерското собрание, но секогаш ќе постои опасност да биде надгласан од доминантните сопственици при носење на одлуката за распределба, посебно на дивидендата, затоа што основна интенција на сопствениците ќе биде добивката да се реинвестира, а не да ја делат со останатите акционери. Ова е една технологија во работењето, каде што природно и основно е да акционерите тежнеат да најголем дел од добивката ја реинвестираат и мормално го подобрат работењето на компанијата во која што се акционери.

Дефинитивно, овој Предлог, посебно негативно ќе се одрази во оние акционерски друштва каде што странските и домашни приватни инвеститори поседуваат преку 50% од акциите со право на глас, бидејќи практично ќе дојде до промена на структурата на капиталот. Со тоа истите можат да го изгубат доминантното и управувачко право.

Каква порака со тоа Република Македонија праќа и на странските, а и на домашните инвеститори? Со тоа дополнително, дефинитивно се нарушува и онака лошата бизнис клима и се придонесува за одвраќање на странските и домашни инвеститори, што е дефинитивно во спротивност со вербално декларираните заложби на Владата за остварување на поволна клима за привлеккување на странски инвестиции.

И на крајот, се поставува логично прашање, зошто Фондот, ако веќе ги чувствува овие проблеми, не се обрати до Владата со образложение за штетните последици што ги трпи, па таа да се јави како предлагач за измени на законот и да ги заштити неговите интереси, туку како пратеник се јавува предлагач од владеачката структура кој, очигледно тргнал од само нему познати интереси, без соодветна анализа за штетните ефекти од овие Предлог-измени врз Фондот и врз угледот на државата и нејзините европски перспективи.

Од тие причини, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ нема да го поддржи овој Предлог.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китаноски.

Господине Гештаковски, се јавувате за реплика или за збор?

За реплика.

Повелете, три минути реплика за пратеникот Гештаковски Кире.

Повелете господине Гештаковски.

**Кире Гештаковски:** Само кратко господине потпретседателе.

Зошто само до пред година дена не беше овој закон антиреформски, антиевропски и антидемократски? Кога пред година дена важеа истите услови што ги барам сега да важат со овој Предлог за донесување на закон за изменување на овој закон, кога државата преку Агенцијата за приватизација се грижеше, преку својот повереник за тие акции и имаа третман на обични акции.

Ако некој мисли дека Агенцијата сега престана со работа, таа должност ја презеде Секторот во Министерството за економија. Ако се сака овие 200 милиони евра, а секојдневно плачеме за 10 - 15 - 20 милиони евра заеми и нови кредити, да се растури една сопственост без стопан и така да прозвучиме многу проевропски, пропреформски и многу демократски, тогаш јас не ја гледам смислата на сите овие дискусии. Зошто да го оставиме овој огромен капитал на милост и немилост. Благодарам.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Гештаковски.

Една минута контра реплика пратеникот Китаноски Илија.

Повелете господине Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам господине потпретседателе.

Јас ќе бидам краток, бидејќи репликата беше кратка.

Зошто да не се донесе овој закон, зошто е антиреформски, затоа што во 2004 година, во јуни, Парламентот на Република Македонија, на Предлог на Владата ги усвои измените во Законот за трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал, со што акциите со право на глас итн, итн, при тоа акционерските друштва каде Агенцијата поседуваше преку 50%, значи се мислело на тоа, од вкупниот број на акции, останаа како обични со право на глас и со тоа се постигнаа главните цели. Значи, да се спречи обезвреднувањето на капиталот онаму каде што државата е доминантен сопственик, а од друга страна државата да престане да се меша во управувањето на акционерските друштва, каде таа е малцински сопственик. Тоа е сосема нормално и сосема логично и реформски и европски, ако сакате и капиталистички.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине Китаноски.

Господине Гештаковски за збор се јавувате?

Има збор предлагачот, пратеникот Гештаковски Кире.

Повелете господине Гештаковски.

**Кире Гештаковски:** Многу кратко господине Најдовски, бидејќи немам право на контра реплика, јас морам да направам еден вид на злоупотреба на зборот.

**Слободан Најдовски:** Вие можете во секое време да се пријавите, со тоа што сега можат сите да се пријават за реплика на вашето излагање.

Повелете.

**Кире Гештаковски:** Господине Китаноски,

Дали образложениот пример не беше доволно јасен како буквално се уништи една компанија? Точно, со тие 25% односно 700 илјади евра што се во сопственост на државата односно на ПИОМ, се разнесе, се растури еден стопански објект. Едноставно, се оставија патиштата, се остави трафостаницата, градени пред 40 години, беа пресметани дека толку на државата преостанало. А стопанскиот субјект, за кој што ви кажувам дека значи живот за секој граѓанин на Преспа, го снема.

Јас мислам дека и останатите 200 милиони евра така се има намера и така се има цел и тоа е крајната цел. Да се растурат и да се разнесе тоа државно богатство.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

За реплика господине Китаноски?

Три минути реплика пратеникот Китаноски Илија.

Повелете господине Китаноски.

**Илија Китаноски:** Благодарам.

Уште еднаш ќе повторам дека конкретен проблем во конкретно претпријатие или конкретна ситуација не можеме, треба да престане веднаш и Владата и владеачкото мнозинство да ги решава со измени и дополнувања на законите. Постојните закони, не само тие кои ја регулираат трансформацијата на општествениот капитал, меѓутоа и редица други, имаат регулатива за да ги разрешуваат овие проблеми и тоа е веќе обврска и на извршната и на судската власт и не е добро да се прават измени на закони само заради тоа што во одредено претпријатие се случило тоа и тоа, итн, итн.

А, колку за уништување и упропастување на претпријатија, ЕМО од Охрид е жив пример како една Владата со лошо менаџирање и со насилни методи може да упропасти добро претпријатие.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Ѓорчев Марјан.

Повелете господине Ѓорчев.

**Марјан Ѓорчев:** Почитуван господине потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Тргнувајќи од тоа како што кажа господинот Гештаковски дека има чесна намера, во што не се сомневам, од аспект на тоа дека даде и конкретен пример за што се залага, сепак, можам да констатирам дека и покрај тоа што намерата е чесна, од мој агол на гледање овие измени и дополнувања на Законот за трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал се анахрони, непринципиелни, неконзистентни со она што претставува тековно живеење и на македонското општество и на македонската економија. А, зошто е тоа така?

Прво, овие измени и дополнувања на Законот за трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал се веќе 14-ти по ред и се палијативни, значи се однесуваат само на еден одреден дел од приватизацијата, а приватизацијата е целосен процес кој што еве веќе 12-та година македонското општество е оптоварено со тој процес, а тој процес почна во јуни 1993 година, со Закон за трансформацијата на претпријатија што стопанисуваат со земјоделски земјишта, тоа беа поранешните агрокомбинати, земјоделски задруги и исто така, Законот за трансформацијата на претпријатијата со државен капитал.

На почетокот на тој процес, значи во 1993 година, пред да стапи Законот во сила, се формираше агенција за приватизација, како институција, која што имаше за цел најнапред да припреми и обучи кадар. Дури одредени претставници на таа агенција, значи еминентни имиња во македонската приватизација доктор Верица Хаџи Василева и магистар Слободанка Ристевска беа пратени од Република Македонија во странство, во САД, Австралија, тој процес на приватизација да го проучат и да го пренесат во Република Македонија, нормално, во оној дел што претставува позитивни одредби и применливост со македонското законодавство. Така што, ако тргнеме дека на почетокот на приватизацијата беа 1216 претпријатија, со општествен капитал,

занчи општествен капитал подразбира една вредност што претставува манифестација на правосудниот однос. Општествен капитал произлегува од едно друго време, од еден друг продуционен процес, социјалистички го нарекувавме и тие 1216 претпријатија, државата оцени дека и се приватизирани и за таа цел конзистентно во 2003 година оцени тука македонскиот Парламент, што јас не мислев така и дискутирав од оваа говорница дека со измените и дополнувањата на законот и укинувањето на Агенцијата се прави страотна грешка. Дека процесто на приватизација не е еднократен чин, па сега ние констатираме дека е завршен и дека и тогаш дискутирав дека не е точно дека само приватниот капитал е единствено добар стопанственик. Може да биде и државниот капитал, ако луѓето кои што го претставуваат се добри претставници на државниот капитал. Према тоа, затоа се определивне за прулиризмот на сопственоста, каде што имаат идентични права и државниот и приватниот, па дури и општествениот капитал што останал, доколку докажат дека се во право да ги докажат своите предности.

Во таа насока, овој предлог закон докажува едно старо правило дека не можеме откога ќе помине времето да бараме решение за нешто што е одминато.

Во 2003 година Парламентот изгласа на некој начин дека приватизацијата во Република Македонија е завршена, со тоа што ја укина Агенцијата и наместо да ја претвори во иницијонен фонд и тие повеќе се од 200 милиони евра, на 300 милиони се малцински пакети на акционери, тука спаѓа и Фондот на ПИОМ како приоритетни, но има и обични акции што беа во Агеницијата, кои што ги застапуваат малцинските акционери на кои што никој не им е грижа за тие малцински акционери кои што останаа со две или три акции во одредени претпријатија, банки и други, кои што немаат право на глас, а имаат обични акции и тука Парламентот реши дека е целискодно до 31 март 2004 година да имаме поинаков пристап кон приватизацијата.

Во таа насока констатирам уште еднаш дека овој закон, неговата чесна намера на овој закон која што е неспорна, требало да биде единствено тогаш кога се уште постоеше Агенцијата, кога сеуште обичните акции кои што беа пренесени на Агенцијата за оние малцински пакети и кои што Агеницијата управуваше со тие пакети, постоеше можност тие пракети, значи обичните акции пренесени на Агеницијата, заедно со приоритетните акции во Фондот да се направат пакети кои што можат да бидат преку иницијониот фонд тргувани на берзата и на таков начин ќе беше заштитена сопственоста во целост. И државната, и малцинската приватна и мнозинската приватна акционерска сопстеност.

Откога тоа неповратно го испуштивме и кога сега веќе имаме процес кој што оди во некоја друга насока каде што ние уште 1993 година направивме една страотна грешка, пред да почнеме со трансформација на општествена сопственост, требаше да направиме законо за денационализација каде што на луѓето што им била одземена приватната сопственост, требаше да им ја вратиме. А ние сеуште во 2006 година, тука поставуваме пратенички прашања, зошто имаме тесно грло во второстепената комисија за денационализација и ниту еден предмет за 4 години за денационализација не е решен, односно сите се одбиени и се упатени на судска постапка.

Во тој контекст, ако веќе сме направиле причинско поврзани грешки, значи не ја вративме прво приватната сопственост што беше одземена од страна на одреден би рекол, продукционен однос, социјалистички. Потоа, приватизацијата ја теравме како што ја теравме по модел кој што протежираше продажба на менаџерски тимови, или на работништво со мнозински пакет 51% во детерминирано дадени услови, при што во Фондот за ПИОМ, би рекол она што е капитал на луѓето што плаќале уредно во Фондот до денот на приватизација, се определуваше одреден износ. Во просек тој се движи од 7 до 8 проценти во сите 1216 претпријатија во Република Македонија, некаде повеќе, некаде помалку. И дека тие акции ќе бидат приоритетни. Тоа е правилото на играта. Тогаш се дефинира правилото на играта. И таа игра во Република Македонија би рекол дека е завршена. Сега ние можеме да констатираме, ама во научно-докторски трудови, во она што претставува сознание каде сме згрешиле и како во иднина треба да направиме законски одредби во делот што претставува заштита на сопственоста воопшто. Повторно ќе кажам, јас сум поборник дека државата е лош сопственик. Државата може да биде многу подобар сопственик од приватниот капитал. Меѓутоа, поентата е како ние низ законски процедури, низ законска заштита да обезбедиме заштита на капиталот воопшто во Република Македонија. Сега, откога е завршена работата ваков палијативен закон, колку да има чесна намера, колку и да има обид за спасување на нешто, круцијално значајно за еден регион, сепак, апсолутно е неконзистентен со времето. Зошто? Затоа што ги менува правилата на играта сега. Затоа што некој кога купувал 1994 година пред 12 години мнозински пакет, тој сметал дека не треба да ги купи приоритетните акции. Дека нему му е доволно и 48% и уредно платил, говорам за 1216 претпријатија со општествен капитал. Не говорам за едно, 70 или 30. Тој човек ја играл играта која што ја поставила Република Македонија во приватизациониот процес. Дали биле менаџерите во тие претпријатија, или биле работниците во тие претпријатија. Така што, сега враќање на тој процес назад, менување на правилото на играта значи апсолутно, неконзистентно со времето. Не би употребил тешки квалификации, како што тука се кажуваат, антиреформски, или било какви други квалификации, затоа што едноставно, не му е местото. Ние приватизацијата ја завршивме,

процесот продолжува понатаму во делот на барање на законски решенија. Меѓутоа, враќање назад на приватизациони постапки, во однос на она што претставува закон, тоа претставува тешка повреда, би рекол, на она што претставува правила на игра, а поважни се правилата на игра, кои што се определени, отколку било што ние тука да направиме во Парламентот. Тука имаме партиска структура на мнозински и малцински да речеме групи, кои што можат се да сменат. Крајната измена на членот ќе биде менување на сопственичката структура на капиталот во веќе приватизирани претпријатија. Затоа што , кога обичните акции, односно сега приоритетните ќе станат обични и ќе бидат управувачки, верувајте ќе се смени управувачката структура во неколку претпријатија. Не е битно колку, дали само во едно со цел да се заштити сопственоста воопшто кажувам и државна и приватна и општествена сеуште некаде, бидејќи имаме се уште во Македонија, на пример во клинички центар имаме се уште работни организации, сложени организации на здружен труд и незнам какви други организации. Значи, да се заштити на начин кој што ќе значи законска процедура, суд, решение, извршна постапка, заштита на правата на акционерите. Ние овој закон не можеме да го гледаме издвоено. Си има код на економија во Република Македонија. Правен економски код, тоа е Законот за трговски друштва, тоа Закнот за облигациони односи, тоа е Законот за стечај кој го донесовме вчера и тоа е Законот за трансформација, сите овие закони за кои што говорев 1993 и 1996 година кои беа донесени со повеќе од десетици измени. Значи, ние сега овој висечки закон ако така го толкуваме и покрај тоа што намерата е чесна, тој ќе произведе исклучително несакани дејствија, затоа што не му е времето, не му е местото. Требало можеби да го донесеме како измена во 2003 година, пред да ја укинеме Агенцијата. Затоа што ако Агенцијата не можела 11 години да ги заштити малцинските права на акционерите да направи пакети да ги обедини и јас сум да речеме малцински акционер некаде во тој мој минат стаж, но јас немам никакво право на моите акции во Комерцијална банка, а не се согласувам со управувачката политика на Комерцијална банка, но мене тоа ништо не ми помага. Тоа е така. Тоа е капитализмот. Има квази социјални групи, има интересни групи и сега приватниот капитал во Комерцијална банка доминира, иако акционерскиот приватен капитал во Комерцијална банка е направен на начин кога ќе ми дадеа кредит во 1990 година, 10% мораше да уплатите во акции. И така сите претпријатија станаа акционери и сега имаа акционерски капитал во Комерцијална банка и не само во таа банка во сите банки во Република Македонија, во тој прериод говорам. Значи, ова што го говорам во функција што сакам да покажам не можеме да го враќаме времето назад. Тркалото на историјата не се враќа назад. Ние веќе сме донеле неотповикливи одлуки, каде што укинувањето на Агенцијата нас не стави на свршен чин. Ние сега немаме инструмент, немаме тело, немаме струка. Постои сега некој сектор во Министерството за економија, сакат, инвалиден, кој што не може да го прави тоа што го правеше Агенцијата. Јас сум бил директор на Агенцијата за приватизација и знам какви способни луѓе работеа таму. Луѓе кои што можеби во целиот тој приватизациски процес беа најостручени на подрачјето на Балканскиот полуостров. Меѓутоа ние тоа го направивме, згрешивме, направивме една од многуте грешки во процесот на приватизација и сега, враќање назад нема. Сега фондот, кој што нема никакви би рекол, за приватизацијата остручени кадри и јас кажав дека не е добро да се префрлат обичните акции од Агеницијата во Фондот. Кажав дека не треба да се укине Агеницијата. Но вие го изгласавте Законот. Сега Фондот кој што нема никакви остручени кадри за приватизацијата, треба да дејствува на берзата, во делот на она што значи продажба на обичните акции и стекнување, давање некому кој што смета дека е онеправден и некому што допрва му текнало дека почнувал процесот на приватизација во Македонија после 13 години да стекне сопственички пакет, или да ги исправува "крива Дрина" во Македонската приватизација. Такви има многу меѓутоа, ние сите заедно тука со четири кратен состав на Македонскиот Парламент сме донеле многукратни одлуки, за кои што можеме тука да дискутираме, јас се обидов во ова кратко пледуае да кажам дека не можеме, уште еднаш да кажам да го враќаме тркалото на историјата назад. Тогаш кога во 2003 година мнозинството изгласа дека така треба да се направи со малцинските пакети, дека се спречува формирање на иницонен фонд, дека тие 300 милиона малцински акционерски права кои што можеа да бидат претворени заедно со оние фирми во стечај, кои што можеа да бидат обединети, па потоа преку стечајните управници кои што сега стануваат фела, заедно да се нудат на берзата и да се создадат нови можности за ревилатизација на претпријатијата, тогаш вие како Парламент не сакавте да слушата и донесовте таков Закон за кој се определивте веќе неповратно. Сега ова секоја почит на желбата, на мотивот да се донесе ваков закон, меѓутоа, тука се нарушува основнот правило, тука се напаѓа сопственоста. Приватната сопственост која е манифестацијана капиталистичкиот продукционен однос. Капитлаистичката класа во Република Македонија е информирана. Тие се приватните капиталисти, кои што стопанисуваат во делот што претставува приватен капитал, управуваат, менаџираат, работат, прават профит во Република Македонија. Ми се допаѓало тоа мене, или не ми се допаѓало, тоа е така. Ние сега правиме атак на таа структура. Тоа ќе биде оценето пред се, како дисквалификација на сопственоста, тоа значи дисквалификација на државата Република Македонија, бидејќи државата преку Парламентот е повикана да ги брани правата на луѓето, во делот на сопственоста тие се најделотворни права, тие се

стрварни права, бидејќи се работи за имот, се работи за земја и се работи за паричен капитал.

Во таа насока, сметам дека имајќи ги предвид сите овие 4 хоризонтални закониш: Закон за трговски друштва, Закон за облигационио односи, Закон за стечај и тој треба да реши многу проблеми во Република Македонија и овој закон кој што во 2003 година простата организација си фати курс како што фати, на оној што не му е место денеска. Имавме 4 години време како пратеници да размислиме како на кој начин да ги исправиме грешките во она што се случувало до укинувањето на Агемнцијата, сега е веќе доцна. Благодарам.

(Со седницата продолжува да заседава господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието)

**Љубчо Јордановски:** Господине Гештаковски имате реплика или збор. Реплика имате три минути.

**Кире Гештаковски:** Благодарам претседателе во своето излагање колегата Ѓорчев напомна дека е 14-та по ред оваа предлог измена на Законот за трансформација со општествен капитал. Тоа е најнормално, бидејќи еднаш на 100 или 200 години се менува еден општествено политички систем: од капитализам во социјализам или од социјализам во капитализам. Еден капитал кој беше државен или општествен требаше наеднаш да се трансформира, или да се префрли да стане приватен. И нај нормално е да има толку, да помине и време, да има толку измени, но незначи дека увидените грешки не треба да се менуваат во подобри.

По мое лично убедување мислам дека е грешка трансформацијата пред една година што се направи три месеци, тренсформацијата на обичните акции во приоритетни, односно се согласувам со колегата Ѓорчев дека е преурането укинувањето на Агенцијата за приватизација. Но нејзината функција сега е префрлена во секторот за економија. Едноставно не може државата така лесно да се откаже од нејзниниот дел. Дали е тоа 200 милинона или 500 милиона или 100 илјади евра, треба да го чува и да го брани. Капитализам е, се согласуваме и тоа суров и важат тие закони. Но, единствено барам правичен третман, како на вашите 0.5, 1, 2 % акции во некоја компанија или банка, да важат и за државните. Никаков приоритет не бараме. Да има еднакво важење да бидат обични со право на одлучување и на глас. Колку што вие можете да ја измените сопственичката структура каде што сте акционери, толку ќе може државата да измени некоја сопственичка структура, која сега ви е главниот мотив за напаѓање на ова законско решение и за кажување дека е антиреформски, дека не враќа назад и дека се нарушува нечија сопственост. А како државата ќе ја смени државата со 1, 2 %. Како може државата, а не може обичен акционер со обични акции, со истиот процент, 1,2,3 или 5%. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Пејоски имате збор.

**Ристо Пејоски:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван господине подносител. Некаде на почетокот на работата на овој Парламент, еден од пратениците критикувајќи ја работата на претходната Влада, рече дека таа е најнационална Влада. Тогаш се прашав што стои зад оваа изјава. Дали е тоа рационален сенс, кој го користи механизмот на преоцрнување, за да изрази став или е една идеолошка омраза, која е афектирана, ако воопшто може да се рече дека омразата се афектира или пак чувствува голема национална одговорност и ги изговори големите зборови најнационална Влада.

Кога го видов овој предлог закон, чии подносител е истиот пратеник, сфатив дека е уште една жртва положена на олтарот на послушноста. Зошто овој сплет на мисли? Имено, Владата работејќи во ракавици наоѓа послушник кој ќе изложи ваков против транзициски закон, засолнуваајќи се зад иницијативата на еден пратеник, но божем подобрувајќи го со амандманска интервенција сака да се скрие и да го изманипулира Парламентот. Но и да не биде виновна власта пред строгата стручна јавност, туку да ја обвини демократијата, тоа е еден навистина бравурозен спин.

Значи, подносителот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал со предлог закон, учествува во проект на анти транзиција, обидуваќи се да не убеди дека предлогот приоритетните акции на ПИОМ да станат обична грижа за акциита на ПИОМ. Меѓутоа, тврдам дека овој е закон на подржување, бидејќи Владата лицитира во сопствена корист за свои луѓе, а на штета на другите сопственици во управувањето, сакајќи да даде сопствен правец, макар бил државен, партиски во управувањето.

Овој предлог закон е дистанцирање од вистинската приватизација и доколку се прифатат интервенциите во Законот, медиумски спроведуваната политика на Владата, ќе регистрираат нови или стари имиња во сопственичката структура, а не е лесно да се погоди дека ќе има партиски предзнак на владеачката партиска тројка. Овој предлог закон е разорен предлог за сопствен партиски интерес и повторно на народот ќе му се ускрати можноста да го здогледа крајот на транзицијата.

Констатирам дека овој закон не го заслужува големиот збор анационален, туку е активен процес против народот кој е заробен во најдолгата транзициона рецесија на сите постсоцијалистижки држави во светот. Но, се прашувам што ќе се случи после извесна временска дистанца, кој ќе се извинува, кој ќе пишува декларација во која ќе им се извинува на жртвите од транзиционoт процес.

Би сакал да го цитирам Ерхад Гусек, координаторот на пактот за стабилност кој

вели:"Да сум јас на местото на македонската влада, не би се мешал во економијата, би создал услови за економија, но би останал надвор од неа. Кога економските одлуки се политизирани тоа не е покана, мисли на инвеститорите, важно е да не се менуваат законите во кус период. Бизнис заедницата бара ситуација и место каде може да му верува на законот".

Мнозинството не треба да се тревожи од нашиот став на спротивставување, затоа што многугодишниот стражар, фабрикуваниот медиум ќе го заштити со склеротичниот принцип - новото поборгу старее од старото, или со некоја лајт информација.

Сега ако отргнеме од Миснеровата дефиниција што е тоа политика, која вели "Тоа е борба за исправен поредок со која управуваат интересите и се води со средства на моќ, што и да се подразбира под исправен поредок".

Од кои интереси се води политиката во овој закон. Одговорот е од партиски. Кое е средството на моќ? Одговорот е послушното мнозинство во Парламентот. Следи дека партиските интереси односно божем државните, се наметнуваат над интересите на народот, а неговите интереси се негушење на приватната иницијатива што ќе овозможи економски раст. Затоа оваа политика што ја заговара овој закон е егоистична антиполитика или политика без морал. Но, на некого ќе му личи на мени етатизам но со максимален партизам.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам господине Пејовски.

Повелете господине Гештаковски, три минути реплика.

**Кире Гештаковски:** Ќе реплицирам само во делот кога, добро се сеќавам, мојот драг колега кога изјави од говорница дека претходната Влада била анационална.

На вас господине Пејовски свежи ви беа сеќавањата од вашето тн. владеење, а за мене беше харање, дивеење во државата. Свежи ми беа проектите за поделба на државата, свежи ми беа проектите за измена на границите на Република Македонија, проектите за развој на територии и на население. Ако, господине Пејовски тоа за вас не ви звучи анационално, тогаш во вас е проблемот. За мене исклучително анационални беа тие ваши идеи.

Околу послушното мнозинство, господине Пејовски, цело време, 60 години баравте капитализам, баравте парламентарна демократија, а сега ја имаме таа. Дали сакате да се вратите на едноумието. Па најлегитимен начин е избрано оваа парламентрно мнозинство. Тоа треба да ги донесува одлуките и на крајот да ја плати политичкаа цена, дали носи правилни одлуки, или носи погрешни одлуки. Јас тука не гледам ништо страшно зошто послушното парламентарно мнозинство носело проекти.

Благогарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Пејовски имате една минута контра реплика.

**Ристо Пејоски:** Точно е тоа, ние бевме анационални, тогаш кога бевме во проширената коалиција. Но, ние бевме единица мерка, а таа единица мерка во вашата националност се содржи барем илјада пати, па сега степенувајте. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Мешков имате збор.

**Љупчо Мешков:** Благодарам претседателе,

Секако нема да го спорам правото на секој пратеник, што по законот си го има, да предлага закони и тука нема ништо спорно. Меѓутоа, сакам нешто да кажам околу содржината на овој закон пред се гледано од аспект на интересите на Фондот за ПИОМ, како газда и сопственик на акциите за кои станува збор во содржината на овој закон.

Значи, целта на акциите што ги поседува Фондот, било од порано, било сега, што се префрлени на него од Агенцијата за приватизација, е Фондот да остварува дивиденда и со тоа да ја зачува реалната вредност на средствата слеани од придонесите кои служат за исплата на пензиските примања и второ преку продажба, исто така, на берзата преку продажба на овие акции, да остварува и одредена сума на пари. Според тоа, зависно од политиката на Владата таа продажба на акции може да оди поинтензивно, подинамично, може да оди и поспоро, но во секој случај тие акции фондот може да ги продава, се со цел, реков, да оствари средства со кои ќе создаде една сигурност во исплатата на пензиските примања. Значи фондот во својата дејност, по Законот нема дејност управување со капитал во приватни, да речеме фирми. Таква дејност Фондот нема. Кажав која е првенствено целта на ваквите акции и удели кои ги поседува Фондот.

Мене ме чуди, искрено да ви кажам позитивното мислење на Владата по овој закон, пред се заради тоа што знам дека фондот во поглед на судбината на ваквите акции кои имаат карактер на приоритетни акции без право на озвучување, неколку пати има разговарано со Министерството за финансии и од таквите разговори имаме и став на Министерството за финансии што, еве јас ќе се обидам не да го парафразирам туку точно да го кажам дека грото од акциите кои ги поседува Фондот, приоритетни акции, се под 30%, значи до 30% тие и понатаму да останат приоритетни без право на одлучување. Во поретките случаи каде Фондот има над 30% а под 51% акции, тие акции иако се приоритетни, сепак толкувањето на Министерството беше дека сепак може да има и право во одлучувањето, бидејќи е позамашен процентот на учеството на акциите во капиталот на фирмите. Значи да се даде право на глас на тие акции ако се над 30%, а ако се над 51% тие се обични акции, бидејќи е поголемо мнозинското учество и тука не е спорно дека тие акции ќе бидат обични акции. Тоа е она што сакав да

кажам што Фондот за ПИОМ преку Министертвото го има добиено како став и затоа реков ме чуди позитивниот став на Владата, сега сите акции што ги има Фондот од приоритетни да поминат во обични.

Второ, и сега и порано Фондот за пиом може да ги продава овие акции и со самата продажба на берзата на овие акции, тие веднаш од приоритетни стануваат обични. Сега се поставува прашањето, ако е така, зошто тие не се купени, зошто денес некој не излезе на берза, нека понуди пари, не да ги купи акциите, нека биде сопственик на тие акции и тој со тие обични и приоритетни акции ќе може со нив да управува, она што всушност и се бара.

Усвојувањето на овој закон во многу ќе претставува и потешкотија во практичната примена во Фондот за ПИОМ заради фактот што сега Фондот за ПИОМ ако го добие и правото на овие акции, нема да учествува во одлучувањето, тој, ќе мора да има еден куп вработени луѓе кои ќе треба да ги бранат интересите и да присуствуват со право на глас, на акционерските собранија и тн., но тоа не велам дека е непромостлива пречка, но е пречка, затоа што ќе треба, Фондот има и поседува акции од илјадници фирми и сега ако практично тоа го приведеме во делот, ќе има многу извршители, не само по учнинок туку и по број, кои ќе треба да го застапуваат интересот на Фондот, бидејќи тие акции ќе бидат со право на глас.

Трето, фондот на овие акции има право на дивиденда, без оглед на успешноста на фирмата, минимум 2%. Значи ако фирмата е успешна има дивиденда толку колку што е успешна. Но, и ако не е успешна тој најмалку 2% од вредноста на акциите има право на дивиденда. Значи ако појдеме од фактот дека, не сите, но најголемиот број од овие фирми се во таква ситуација да не покажуваат многу добивка, излегува дека во многу случаи Фондот и ќе ги изгуби овие 2% од дивидентата затоа што тие приоритетни акции, сега ќе бидат обични акции.

И она што е можеби многу важно и најважно, а кое беше спомнат, мислам дека со ова се враќаме назад заради фактот што до колку овие приоритетни акции станат обични акции, а ако си има предвид фактот дека директорот на Фондот ПИОМ го избира управниот одбор, но, го потврдува неговиот избор Владата на Република Македонија, не може да се одвоиме од политичкото влијание во управувањето со овие акции, што е една голема пречка за странските инвестиици и за создавањето на бизнис клима во Република Македонија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Арсоски, три минути реплика..

**Славе Арсоски:** Можеше да се реплицира и на претходните дискутанти бидејќи дискусите беа слични, затоа чекав тоа да го направам при крајот. Затоа еве ќе реплицирам на господинот Мешков, бидејќи, колку што знам тој и беше директор во Фондот за ПИОМ и ја знае состојбата.

Навистина, не можам да ги сфатам констатациите што се изнесуваа во правец на неподдршка на предложениот закон за измени и дополнувања предложен од пратеникот Кире Гештаковски.

Прво, да расчистиме дали сакаме комплет да извршиме приватизација во нашата земја, која е при крај и од друга страна дали сакаме да имаме рамноправни услови на сите акционери кои се јавуваат во акционерските претпријатија. Тука е клучното прашање и интенцијата на овој предлог е токму тој, бидејќи сега имаме нерамноправност во делот на акционерите. Зошто еден акционер од 1%, во едно претпријатие, да има обижни акции со право на глас, или обратно, на друга страна, како што е сега во моментот, акциите на Фондот за ПИОМ да имаат статус на приоритетни акции. Целокупната интенција е токму овие акции да имаат статус на обичниакции и истите на берзата да се купат. Сега Фондот за ПИОМ нуди акции на берзата како приоритетни, но никој не ги купува и фактички имаме државен капитал, а ние сакаме да се ослободиме од тој државен капитал. Ќе се ослободиме токму на тој начин. Затоа не можам да сфатам и констатациите што сега ги изнесуваше господинот Мешков дека интенцијата на Фондот е дека ќе остварува дивиденда, што не е точно. Ако не кое претпријатие работи со загуба и тој не може да оствари 2% од дивидендата или не дивидендата, ако има загуба, загуба, нема што да се остварува профит по основ на тие приоритетни акции. Затоа сметам дека предложените измени се во правец токму на овие два интенции што ги истакнав дека треба да се постигне рамноправност во делот на сите акционери кои ќе се јават и вториот дел е токму тоа, што побрзџо државата да се ослободи од акциите што ги има во претпријатијата. Тоа е начинот на кој таа рамноправност ќе се постигне и едноставно државата веќе ќе нема влијание врз работата на акционерските друштва. Тоа е интенцијата на Законот. Ние не можеме да викаме антиреформски, а од друга страна државата да се меша во работата на акционерските друштва. Нема да се меша кога овие акции ќе го добијат тој статус и што побрзо истите да се отуѓат, односно сопствениците на акционерските друштва да имаат можност да ги купат истите.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Една минута контра реплика за господинот Мешков.

**Љупчо Мешков:** Се зависи кој како ја разбира и ја сфаќа приватизацијата.

Јас мислам дека приватизацијата во конкретниот случај ќе ја постигнеме и ќе постои само ако Фондот ги продава акциите, а не ако ги задржува. Значи јас и порано реков дека Фондот може да ти продава, секој може да ги купува. Сега колкав е интересот за тие акции тоа е друга работа. Од тоа зависи висината, дали ќе има дисконт, дали

ќе бидат по номинална вредност. Тоа се, се правила на берзата и правила на пазарот. Меѓутоа, факт е дека оној што ќе ги купи, ако има интерес да ги купи тие акции, тогаш тој ќе си ги плати и тие ќе бидат обични, ќе си има право на глас. Значи приватизацијата ќе ја постигнеме целосно ако Фондот ги продаде овие акции и оствари средства, а не ако ги чува и обезбеди влијание државата, во случајот Фондот, со тоа што ќе има право ако ги претвори во обични. Значи, продавањето е посреди, а не чувањето на тие акции.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Гештакоски немате право на реплика и затоа ви давам збор. Формулирајте го вашето излагање, како излагање, а не како реплика на господинот Мешков.

**Кире Гештакоски:** Сега мислам дека се досегна правото прашање. Зошто интересот за овие акции кои ги поседува Фондот, е слаб? Господинот Мешков во својата дискусија си запраша зошто не си купуваат. Точно дека имаат нерамноправен теретман и дека немаат право на глас. Не му сметаат на сопственикот. Тие се фрлени без право на озвучување и без да ги известат некогаш за одлуките што ги носи сопственикот. Со враќањето на право на глас, со претворање во обичникакции и те како ќе бидат заинтересирани сопствениците за овие акции и многу побрзо ќе бидат продадени, што е главната цел на државата и на пиом, да се ослободи од овие акции и да се влејат пари во Буџетот на Република Македонија.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Шајноски, имате три минути реплика.

**Драго Шајноски:** Господине Гештакоски, ведоста на акциите не зависи од тоа дали ги поседува Фондот или државата или некое приватно лице. Вредноста на акциите зависи од состојбата во фирмата, од финансиската и пазарната вредност на фирмата и бизнисот на фирмата.

Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Крстевски, имате збор.

**Зоран Крстевски:** Благодарам претседателе,

Народски кажано мене овој закон на колегата Гештаковски ми личи, заради една шницла цел вол да заколеме.

Треба да бидеме искрени дека овој закон е меркантилистички, упатен е да се реши само еден проблем околу приватизацијата на Агроплод и ако не успее планот А, ќе успее планот Б, бидејќи е поднесено барање пред Владата таа фирма да оди под стечај и да влезе во бубањот на загубари, па да има друг третман од страна на државата.

Се поставува прашање зошто сега и од кого е овој Предлог на закон и точно се гледа генезада дека е од истата структура која беше гробар на македонското стопанство низ таканареченаата приватизација на општествениот капитал, што всушност беше разграбување на се што генерации претходно беа направиле и од платена приватизација ние добивме само остатоци, а се што денес системски се бориме, се бориме со сиромаштија, со неразвиеност, со корупција итн. Оттука, овој закон е само последователна активност, бидејќи не е доразграбано тоа што може да се доразграба и сега се бара инструмент, а нема појак инструмент во рацете на таквите, од државата и од политиката. Оттука, се руши еден концепт кој последователно две влади го заговараа. Затоа е прашање зошто овде денес министерот за финансии кој често љуби да биде принципиелен, не седи овде и не го брани овој предлог на закон, бидејќи се работи за една антиреформска позиција која или ќе падне на Уставен суд, или на некој друг начин, после падот на оваа власт со нов закон ќе биде променето. Значи се поставува прашање зошто се зема овој факт, да речам, на враќање на нешто што во основа требаше да значи подобрување на бизнис климата и создавање на правни претпоставки дека сите во правниот и во економскиот поредок се еднакви пред законите. Се поставува основно прашање зошто со закон треба да ги пренесеме акциите на ПИОМ од приоритетни во обични, а тоа не го направивме, да речеме за другите приоритетни акции на обичните луѓе, на оние обичните субјекти кои се определиле да купат приоритетни акции, бидејќи тие кога купувале однапред знаеле кој е статусот на тие приоритетни акции, дали се со право на глас, дали носат дивидента и точно законот дефинирал до кој процент фирмите при приватизацијата и создавањето на акционерството, можат да имаат приоритетни акции, како еден од начините за поттикнувањето на акционерството и на капитализацијата на активностите на фирмите. Сега ние сакаме да ја вратиме државата назад и сега точно се гледа дека тоа бил проект нечиј, бидејќи година дена од 2004 година кога го изменивме законот и ги пренесовме акциите во ПИОМ, Фондот ги замрзна акциите. Значи ако му беше целта да го заврши процесот на приватизација требаше брзо да ги продаде, како што правеше поранешната влада и со тоа да не го обезвреди капиталот. Значи, се чекало овој момент за да за одредени капацитти тие акции стекнат право на управување односно да можат да одиграат улога на тастот односно олигархијата да каже кому тие а се продадат и со тоа да се зграби мнозинскиот пакет. Ова ќе повреди дел од фирми каде веќе има странски капитал, ќе предизвика ланчана реакција кај меѓународната заедница и пак Македонија ќе биде оценувана со негативни поени по основ на создавањето на бизнис климата во Македонија. Мислам дека беше ред тука да има премиер, министер на Влада кој ќе дебатираше со нас, бидејќи логиката на овие промени е да воспоставиме подобра бизнис клима во државата. Вака нема одење напред.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Андов имате збор.

**Стојан Андов:** Исцрпена е дискусијата и јас само ќе го кажам мојот впечаток. Со овој Предлог на закон всушност се бара одговор да се зголеми ммоќта на државата и на државните органи во управувањето на приватните фирми и ќе гласам против. Мислам дека тоа е против целиот процес на приватизација.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Гештакоски, три минути реплика.

**Кире Гештакоски:** Не ми беше тенденцијата со овој предлог да се враќа силата на државата. Единствено барам еднаков третман на сите акции. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете гоподине Андов една минута контрареплика.

**Стојан Андов:** Резултатот е тоа. Не го обвинувам предлагачот дека намеравал така како што јас велам, но тоа е резултатот и бидејќи нема друг аргумент треба да си го повлече законот сега, бидејќи тоа сомневање не може да го отстрани. Фактички, место да се продадат акциите пазарно на берза и приватно лице или приватна фирма да може да управува со нив, се сака силата на управување да се зајакне над претставникот на државата. Тоа е вистинскиот резултат.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Пред да пристапиме кон глалсање на заклучокот, ги молам пратениците да влезат во салата.

Дури и со пратениците кои сега се во Анкетната комисија, не обезбедуваме кворум.

Тука ја завршуваме оваа седница, а продолжение на оваа седница објавувам денес во 15,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 12,40 часот)